РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 28-2962/1
27-03-2026 год. / viti

Друштво за инженеринг, проектирање и консалтинг
ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО увоз-извоз
Бр. 08-578/1
27.03 2026 год.
Скопје

**Договор за измена и дополнување на**
**Договор за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци заверен кај Договорен орган Министерство за социјална политика, демографија и млади со архивски број 02-338/7 од 22.02.2024 година и заверен кај Носител на набавката Евро Консалтинг ДОО Скопје со архивски број 08-509/1 од 27.02.2024 година**

**(АНЕКС бр. 2)**

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

**1. Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ)** со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, (во понатамошниот текст „Договорен орган“ од една страна, и

**2. Друштво за инжинеринг, проектирање и консалтинг ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО увоз-извоз Скопје**, со ЕМБС 5606802, со седиште на ул. Петко Јанчевски бр. 41а, н. Радишани, 1000 Скопје, претставувано од Управител Зоран Димитријевиќ (во понатамошен текст „Носител на набавката“) од друга страна.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на член 6 од Договорот за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци заверен кај Договорен орган Министерство за социјална политика, демографија и млади со архивски број 02-338/7 од 22.02.2024 година и заверен кај Носител на набавката Евро Консалтинг ДОО Скопје со архивски број 08-509/1 од 27.02.2024 година (во понатамошниот текст: Основен договор) и Анекс бр. 1 заверен кај Договорен орган со архивски број 02-6785/1 од 26.09.2025 година и заверен кај Носителот на набавката со архивски број 08-2059/1 од 26.09.2025 година, и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25).

**Член 2**

Предмет на овој Договор е измена и дополнување на Основниот договор и Анекс бр. 1 за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци во однос за времетраењето на договорот, а заради исполнети услови определени во член 6 и член 11 од истиот Договор.

**Член 3**

Основниот договор за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци е склучен на 27.02.2024 година и со времетраење од 19 месеци, односно со важност до 27.09.2025 година.

Со Анекс бр. 1 заверен кај Договорниот орган со архивски број 02-6785/1 од 26.09.2025 година и кај Носителот на набавката со архивски број 08-2059/1 од 26.09.2025 година, рокот на важност на Основниот договор е продолжен за дополнителни 6 (шест) месеци, заклучно со датумот 27.03.2026 година, поради тоа што изградбата на објектот „Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци" сеуште не е завршена.

Надзорниот орган Евро Консалтинг ДОО Скопје доставил барање со архивски број 03-573/1 од 26.03.2026 година, примено и заверено во архивата на Договорниот орган со архивски број 02-1947/7 од 27.03.2026 година, со кое побарал рокот на Договорот за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци да се продолжи за еден (1) месец, поради тоа што од страна на Изведувачот не е комплетирана целата техничка документација.

Секторот за правни, нормативни, општи и заеднички работи при Министерството за социјална политика, демографија и млади, со допис заверен со архивски број 02-1947/8 од 27.03.2026 година го известил Секторот за финансиски прашања – Одделение за јавни набавки дека барањето на Надзорниот орган за продолжување на рокот на Договорот за еден месец е оправдано заклучно со 27.04.2026 година.

**Член 4**

Согласно наведеното во член 3 од овој Договор, рокот на важност определен во член 5 и рокот за изавршување на услугата определен во член 11 од Основниот договор за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци, продолжен со Анекс бр. 1, се продолжува за дополнителен 1 (еден) месец, заклучно со датумот 27.04.2026 година.

**Член 5**

Согласно член 9 од Основниот договор за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци, поради продолжување на рокот на реализација на договорот, Носителот на набавката е должен соодветно да ја продолжи важноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот.

**Член 6**

Останатите одредби од Основниот договор и Анекс бр. 1 остануваат непроменети.

**Член 7**

Овој Договор за изменување и дополнување на Основниот договор за набавка на услуги за вршење на стручен надзор над изградба на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Општина Кавадарци, влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 8**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

| | |
|---|---|
| **Министер,**<br>Fatmir Limani | **Управител,**<br>Зоран Димитријевиќ |
| Договорен орган | Носител на набавката |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одд
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар